Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023

# Извадок на дел од дневни настани 05.04.2023

Денеска (05.04.2023) во 10.05 часот на бул.„Јане Сандански" во Скопје, полициски службеници од Оперативен тим потраги го лишиле од слобода Т.П.(32) од Скопје. Тој бил баран по централна потерница врз основа на наредба на Основен кривичен суд Скопје за издржување казна затвор од три години за сторени кривични дела „кражба" по член 235 и „предизвикување општа опасност" по член 288 од Кривичниот законик. Лицето ќе биде спроведено во надлежната казнено-поправна установа за издржување на казната.

На 04.04.2023, полициски службеници од ОВР Прилеп ги лишиле од слобода М.К.(33) од Прилеп и Т.П.(23) од Битола. При претрес во домот на М.К., извршен со судска наредба, каде била затекната Т.П., била пронајдена и одземена марихуана. Тие биле задржани во полициска станица и по целосно документирање на случајот, против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 04.04.2023 околу 09.30 часот на улица „Илинденска" во Тетово, полициски службеници на СВР Тетово ги лишиле од слобода Л.Т.(32) од тетовско Одри и А.А.(34) од тетовско Слатино. Тие се сомничат дека извршиле кражба од објект во изградба на улица „Илинденска", сопственост на 57-годишниот С.Х. од тетовска Мала Речица, а во чија фирма двајцата биле вработени. Тие биле задржани во Полициската станица Тетово и по документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 04.04.2023 во 23.40 часот на подрачјето на Гази Баба, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Д.В.(21) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 04.04.2023 Секторот за внатрешни работи Битола, криминалистичката полиција при СВР Битола и Надворешните канцеларии за криминалистички работи во Прилеп и Ресен во содејство со Државен пазарен инспекторат извршиле контроли на повеќе локации во Битола, Прилеп и Ресен каде се врши трговија со отпад. Во Битола била извршена контрола на три локации во населба „Баир", кои ги користат А.А.(41), Ф.М.(44) и И.Џ.(46 ), сите од Битола, при што било констатирано дека не поседуваат никаква документација и дека немаат регистрирано правно лице за вршење на дејноста. Во Прилеп била извршена контрола во складишта во с.Мало Коњари, во с.Селце и на плац на ул.„Гостиварска" во Прилеп, кои ги користел А.Ш.(54) од Прилеп, како и на плац на ул.„Беровска", кој го користел К.И.(31) од Прилеп. При контролата, исто така, било констатирано дека лицата вршеле дејност без регистриран правен субјект. И во Ресен биле извршени контроли на две локации на кои се вршел откуп на отпад, а кои ги користеле К.М.(40) и З.Ј.(52) од Ресен. Притоа, било констатирано дека лицата не поседуваат никаква документација за дејноста која што ја вршат и немаат регистрирано правно лице за вршење на дејноста. По целосно документирање на случаите, против лицата ќе бидат поднесени соодветни пријави.

На 04.04.2023 во 19.45 часот на Граничниот премин „Меѓународен аеродром Скопје" била задржана Х.Д.(20) од Република Турција затоа што при пасошка контрола и проверка било констатирано дека го пречекорила дозволениот туристички престој во државата. Таа била предадена на полициски службеници од Одделението за прекуграничен криминал, миграции, странци и реадмисија при Регионалниот центар за гранични работи Север за понатамошна постапка.

На 04.04.2023 во СВР Битола било пријавено дека во с.Драгожани, битолско, била пронајдена артилериска граната со калибар 75 мм. од Првата светска војна. Гранатата била безбедно подигната од пиротехничар од Дирекцијата за заштита и спасување за понатамошна постапка.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (04.04.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 169 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 40 санкции, девет мерки за возење без возачка дозвола, 21 санкција за непрописно престројување на возила. Изречени се пет мерки за користење мобилен телефон при возење, пет санкции за минување на затворен сигнал (црвено светло), четири мерки за прекршоци што ги прават пешаците, три санкции за некористење сигурносен појас...

Вчера (04.04.2023) во периодот од 12.00 до 18.00 часот на територијата на СВР Битола била спроведена акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возило со брзина поголема од пропишаната, при што санкционирани биле 68 возачи. Од нив, 44 возачи ја пречекориле брзината во населено место, а 24 надвор од населено место. На сите прекршители изготвени им се соодветни поднесоци.

На 04.04.2023 на подрачјето на СВР Штип била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 51 прекршоци, од кои 38 надвор од населено место и 13 во населено место. Санкционирани биле и 9 други видови на прекршоци, од кои 1 за управување возило без возачка дозвола, 1 нерегистрирано возило, 1 за некористење сигурносен појас и 6 за непрописно паркирање.

На 04.04.2023 во периодот од 12.00 до 18.00 часот на подрачјето на Секторот за внатрешни работи Струмица била спроведена контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од дозволената. Притоа, биле констатирани 48 пречекорување на брзината, од кои 17 на подрачје на Радовиш, 16 на подрачје на Струмица, 11 на подрачје на Валандово и 29 на подрачје на Гевгелија. Сите прекршоци биле соодветно санкционирани.

На 04.04.2023 во периодот од 12.00 до 18.00 часот на подрачјето на СВР Тетово била спроведена акциска контрола за брзина со која се движат возилата во и надвор од населено место. При контролата биле откриени и санкционирани 31 возач (ТЕ-18 и ГВ-13) кои ја пречекориле максимално дозволената брзина надвор од населено место, од кои 3 возачи (ТЕ) за повеќе од 70 километри на час од дозволеното, а 3 возачи (ТЕ) до 70 километри на час повеќе од дозволеното. Покрај ова, биле санкционирани и 5 (ТЕ) возачи кои ја пречекориле пропишаната брзина во населено место, како и 4 други видови сообраќајни прекршоци (ТЕ-1 и ГВ-3).

На 04.04.2023 во 21.05 часот во СВР Скопје било пријавено дека на бул.„Мајка Тереза" во Скопје, патничко моторно возило „ауди" со скопски регистарски ознаки, управувано од Ѓ.С.(49) од Скопје удрило во малолетничка од Гевгелија. Во несреќата малолетничката се здобила со тешки телесни повреди констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 04.04.2023 во 17.00 часот во Полициската станица Аеродром, М.М.(45) од Скопје пријавила дека на ул.„Горно Лисиче" била касната од куче скитник.

На 04.04.2023 во 16.30 часот во Полициската станица Гази Баба, М.К.(23) од Скопје пријавил дека на ул.„Финска" бил каснат од куче скитник.

На 04.04.2023 во 11.45 часот во Полициската станица Гази Баба, В.Н.(27) од Скопје пријавила дека на ул.„Трифун Хаџијанев" била касната од куче скитник.

Денеска (05.04.2023) во ОВР Струга било пријавено дека во 03.30 часот во с.Октиси, струшко, настанал пожар во куќа сопственост на М.М. Од здобиените повреди во пожарот починал И.М.(84) од с.Октиси, татко на М.М., а смрт констатирал лекар од Итна медицинска помош. Екипа на Територијалната противпожарна единица Струга го изгаснала пожарот. Увид бил извршен.

На 04.04.2023 на ул.„Караорман" во Битола, полициски службеници од криминалистичката полиција при СВР Битола го лишиле од слобода Д.Ѓ.(41) од Битола затоа што кај него биле пронајдени и одземени 250 таблети. По документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Н.Н.(59) од село Боговиње, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „вршење на јавен превоз без поседување на лиценца". На 22.02.2023 во село Мала Речица, тетовско, полициски службеници извршиле преглед на патничко возило „форд транзит", управувано од пријавениот, при што констатирале дека врши јавен превоз на патници без да поседува лиценца издадена од надлежен орган.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против М.М.(33) од село Горно Палчиште, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „вршење на јавен превоз без поседување на лиценца". На 22.02.2023 во село Мала Речица, тетовско, полициски службеници извршиле преглед на патничко возило „форд транзит", управувано од пријавениот, при што констатирале дека врши јавен превоз на патници без да поседува лиценца издадена од надлежен орган.

Во текот на вчерашниот ден (04.04.2023) Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 443 возачи. Од нив 14 возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а три возила се движеле со дури над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. Притоа 222 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 221 надвор од населено место.

На 04.04.2023 во периодот од 12.00 до 18.00 часот на подрачјето на СВР Охрид биле спроведени засилени сообраќајни контроли. Притоа, полициските службеници затекнале и санкционирале 89 возачи кои управувале моторни возила со брзина поголема од дозволената (Охрид-17, Струга-55, Кичево-13, Дебар-04.)

СВР Охрид поднесе кривична пријава против Ц.Б.(38) од Прилеп поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем". Тој, по објава од еден портал на социјалната мрежа Фејсбук, напишал коментар со кој промовирал и поттикнувал омраза и насилство.

На 04.04.2023 во 12.25 часот во СВР Тетово било пријавено дека во Медицински центар Гостивар со тешки телесни повреди бил донесен И.Е.(60) од Гостивар. Според пријавеното, тој се здобил со повредите додека извршувал работни задачи во рудник во гостиварско Старо Чајле. Увид извршила екипа од Одделението за внатрешни работи Гостивар, а за случајот бил запознаен јавен обвинител и трудов инспектор.

На 04.04.2023 во 22.50 часот во Полициската станица Штип било пријавено дека во Клиничката болница Штип со тешка телесна повреда бил донесен Т.А.(51) од Штип. Според пријавеното, тој се здобил со повредата при извршување работни задачи во фабрика во Штип. Се работи на расчистување на случајот.

На 04.04.2023 во ОВР Прилеп, 31-годишен прилепчанец пријавил дека бил измамен од Б.И. од с.Ропотово за сума од 1.000 евра. Според пријавеното, на 29.11.2022 тие се договориле да му го продаде неговото патничко моторно возило „опел вектра" за наведената сума, а Б.И. да му го исплати до 15.01.2023. Како што е пријавено, до моментот на пријавување Б.И. не му ги дал парите и се посомневал дека е измамен. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.
На 04.04.2023 околу 13:00 часот во СВР Скопје било пријавено дека во Градска општа болница „8 Септември" со тешки телесни повреди бил донесен малолетник од с.Шишево, скопско. Според пријавеното, тој бил физички нападнат од едно лице, кое употребило и остар предмет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Денеска (05.04.2023) во СВР Охрид било пријавено дека во 02.40 часот во Медицински центар Охрид со повреди бил донесен А.Ј. од Охрид. Според пријавеното, тој се здобил со повредите при физички напад со остар предмет во угостителски објект во Охрид. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 04.04.2023 во 23.40 часот во СВР Скопје, К.А.(24) од Скопје пријавил дека околу 19.00 часот на подрачјето на Гази Баба бил физички нападнат од А.Н.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 04.04.2023 часот во 17.43 часот во СВР Скопје, Б.Ј.(39) од Скопје пријавил дека на подрачјето на Кисела Вода бил физички нападнат од Б.А.(39) од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 04.04.2023 во 19.15 часот во СВР Скопје, Б.Д.(48) од Скопје, пријавил дека околу 13.15 часот кај транспортниот центар во Скопје неговата ќерка била физички нападната од О.И. од с.Студеничани, скопско. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 04.04.2023 во 16.45 часот во СВР Скопје, К.Ј.И.(28) од Скопје пријавила дека околу 15.00 часот на работното место во продажен објект на подрачјето на Чаир, по претходна расправија, била физички нападната од нејзината колешка Б.М.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 04.04.2023 во 18.00 часот во СВР Скопје, И.И.(36) од Скопје пријавил дека околу 11.30 часот пред угостителски објект на подрачјето на Гази Баба неговиот малолетен син бил физички нападнат од друг малолетник. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 05.04.2023 во 10.40 часот во СВР Скопје било пријавено дека на 17.03.2023 околу 21.15 часот во автобус на подрачјето на Карпош малолетник бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 04.04.2023 во 18.35 часот во СВР Охрид е пријавено дека настанал пожар на трска во крајбрежниот езерски појас во близина на охридското село Подмоље. Повредени лица нема, а интервенирала Територијалната противпожарна единица Охрид.

На 04.04.2023 во 20.30 часот во Полициската станица Аеродром, И.Н.(45) од Скопје пријавил дека од домот се оддалечила неговата мајка А.Н.(72), која имала здравствени проблеми. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 04.04.2023, Н.С.(47) од Кичево во полициска станица пријавил дека на улица „Маршал Тито" во Кичево неговиот малолетен син бил каснат од куче скитник.

СВР Штип поднесе кривична пријава против Х.Ј.(32) од Кочани поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство врз дете". На 26.03.2023 во Кочани, пријавената физички нападнала 14 годишник, при што употребила и тврд предмет.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Д.В.(18), С.В.(21), И.И.(20) и 17-годишник, сите од Тетово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство". На 25.02.2023 во објект за игри на среќа во Тетово настанала расправија помеѓу второпријавената С.В. и вработениот С.Н.(27) од Тетово, по што таа со останатите пријавени физички го нападнале.



Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет